Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**

**од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2019 година**

**Скопје, септември 2019 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто педесет и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 септември 2019 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, членовите на

Владата на Република Северна Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**- Усвојување на Записникот од 145-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јули 2019 година**

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

    - Извештај од Шеснаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните

А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

**а) гости**

1. Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај за работењето за 2018 година, на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, со Извештај од независниот ревизор и Предлог-одлуки

2. Годишен извештај за работа на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука

3. Информација со препорака за организирање на обуки од страна на државните институции во Република Северна Македонија

4. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

5. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

6. Информација за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип, со Предлог-одлука

7. Информација за уплатите од страна на Државен завод за индустриска сопственост кон Европскиот патентен завод

8. Информација за Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија, со Национална платформа

9. Информација за давање согласност под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија Скопје-изградба трафостаница ТС Вел Сити, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на „Тхор импекс“ ДООЕЛ Скопје

**б) економски систем и тековна економска политика**

11. Предлог-програма за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2019 година

12. Предлог-програма за изменување на Програмата за фитосанитарна политика во 2019 година

13. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година и Предлог-програма за изменување на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година

14. Информација за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение

15. Информација за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони

16. Информација за одобрување на тендерски документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони

17. Информација за потпишување на Протокол за соработка во областа на земјоделството помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан, со усогласен текст на Протокол

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Љуботен, Општина Бутел, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаични централи) КО Тркање, Општина Кочани, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Б5-хотелски комплекс КО Свети Николе, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Борисово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Борисово, Општина Ново Село, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таринци, Општина Карбинци, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена В5 - верски институции - џамија КО Студеничани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Смојмирово вон гр. Општина Берово, со Предлог-одлука

31. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука

33. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

34. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со КПУ Затвор - Прилеп, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец Драг Тон - Васо Лазов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука

36. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Кристал Вал - Валентина Спасова од с.Мустафино, Свети Николе со Предлог-одлука

37. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Драган Гогов ул. „Бул. Македонија" бр.36-3 Кавадарци, со Предлог-одлука

38. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец НЕ-МАР - Зоранче Миленковиќ од с.Мустафино Свети Николе, со текст на Договор и Предлог-одлука

39. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец ШАЛИБ БОЈ - Зоран Стојанов од с.Мустафино Свети Николе, со текст на Договор и Предлог-одлука

40. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Санде Михајлов од Свети Николе, со Предлог-одлука

41. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Славица Костова од Свети Николе, со Предлог-одлука

42. Информација за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ АНА ИВ - Стефче Андонов од с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука

43. Информација за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Крстев од с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука

44. Информација во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце на концесионерот Барт Енерџи ДОО Скопје

45. Информација за запознавање со проблемите и потребите на техничките факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и предлог - мерки за надминување на истите

### в) политички систем

46. Информација за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јануари - 30 јуни 2019 година

47. Информација за подигнување на статусот на Република Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот - ИХРА

48. Информација за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот Регион

### г) човечки ресурси и одржлив развој

49. Предлог-програма за изменување на Програмата за обезбедување на средства за уредување и одржување на гробишта и гробови на паднати борци во антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија погребани на територијата на Република Македонија за 2019 година

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

### б) политички систем

50. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, во студиската учебна 2019/2020 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија

51. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/806 на Советот од 17 мај 2019 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија

52. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/870 на Советот од 27 мај 2019 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран

53. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/797 на Советот од 17 мај 2019 година за рестриктивни мерки против сајбернапади кои ја загрозуваат Унијата или нејзините земји членки

54. Барање на Ананиевски Ананија Ендру за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

55. Барање на Асан Келенкоски за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

56. Барање на Костадинка Божини за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

57. Барање на Мерсим Мерсими за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

58. Барање на Елиф Ајдиноглу, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

59. Барање на Шеап Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

60. Барање на Султана Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

61. Барање на Адис Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

62. Барање на Ваљдет Чауши за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

63. Барање на Ремзи Корап за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

64. Барање на Дафина Сутај за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

65. Барање на Шкурте Маќани за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Охрид

**г) предлози по кои Владата дава мислење:**

**(а) по барање на Собранието на Република Северна Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

67. Понуда од нотар Билјана Пецовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2166 КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.8964 викано место/улица Ѓ.Петров

68. Понуда од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.28901 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.114 и Имотен лист бр. 28640 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.113

69. Понуда од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 980 за КО Ресен на КП бр. 4894

70. Понуда од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 10466 за КО Радишани на КП бр. 2813, ул. Радишанска

71. Понуда од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5028 КО Бутел на КП бр. 1125 и Имотен лист бр. 101873 за КО Бутел на КП бр. 1130

72. Понуда од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 445 КО Подмол на КП бр. 276, викано место/улица Село

73. Понуда од нотар Мице Илијевски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4025 за КО Куманово на КП 16260

74. Понуда од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.194896 за КО Драчево 2 на КП 2090/1

**д) други предлози**

75. Кадровски прашања

76. Прашања и предлози

## В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

77. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД Пошта на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје, во периодот јануари - март 2019 година

78. Тримесечен финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот април-јуни 2019 година

79. Одлука за изменување на Финансискиот план за 2019 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија

80. Информација за состојбата со локомотивите со правно и техничко образложение зошто е испорачана само една од договорените 4 локомотиви, како и за моменталната состојба со

патничките гарнитури со причини зошто не е направен технички прием за истите со посебен осврт за правните можности, со наведен надлежен арбитражен суд

81. Информација за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија

82. Информација за работата на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем

83. Годишен извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2018 година

## Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

84. Информација за реализација на Проектот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци"

85. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за партнерство, трговска размена и соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Велика Британија и Северна Ирска, со Нацрт-текст на Договор

86. Информација за обезбедување на простории за Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците

87. Информација со иницијатива за соединување - централизирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје со основање на подрачни одделенија во ГОБ „8-ми Септември" - Скопје, КБ Штип и КБ Битола, како и низ останатите градови во Републиката

88. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност

89. Предлог-одлука за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов" - Пробиштип

90. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година

*

*　　　*

Владата без забелешки го усвои Записникот од 145-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јули 2019 година.

*
* *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Извештај од Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните**

Владата го разгледа Извештајот од Шеснаесеттиот состанок на Меѓуресорската работна група за извршување на обврските од Конечната спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите нации, за престанување на важноста на Привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат, односно им се укажува на сите институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје во рок од седум дена да ги ажурираат своите веб - страници со името Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат, односно им се укажува на сите институции, а се препорачува на единиците на локалната самоуправа да пристапат кон отстранување на симболот Сонце на Вергина од јавниот простор во рок од седум дена.

3. Се задолжува Археолошкиот музеј да го промени визуелниот изглед на фасадата на начин што наместо името Археолошки музеј на Македонија ќе стои Археолошки музеј на Северна Македонија.

4. Се задолжува Секторот за односи со јавност во Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да изработи визуелен приказ на плочите за одбележување на спомениците на видлив начин како и да одреди димензии на истите.

5. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во рок од 15 дена да изврши промена на фасадите на јавните институции и објекти со името Република Северна Македонија.

6. Се укажува на Агенцијата за млади и спорт да ги задолжи сите спортски федерации и здруженија во рок од 15 дена да направат промена на имињата, веб - страниците и дресовите на спортски здруженија, федерации и репрезентативни дресови со името Република Северна Македонија.

7. Се укажува на сите носители на јавни функции да ги изменат своите биографии со промена на името Република Македонија во Република Северна Македонија.

*

*           *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Годишната сметка, финансиските извештаи и Извештајот за работењето за 2018 година, на АД „Пошта на Северна Македонија“ - Скопје, со Извештај од независниот ревизор ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка и финансиските извештаи на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост - Скопје за 2018 година (нов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата укажува на потребата Друштвото да преземе мерки за зголемување на прометот, согласно мислењето на Министерството за транспорт и врски, да посвети поголемо внимание во насока на унапредување на својата поштенска политика и остварување на планираните цели и активности, се со цел на подобрување, унапредување и зголемување на квалитетот и квантитетот на поштенските услуги.

**Точка 2**

Владата по Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, со Предлог-одлука го донесе новиот текст на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работата на Националниот центар за одговор на компјутерски инциденти за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата со препорака за организирање на обуки од страна на државните институции во Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и препорачува на сите државни институции кои имаат фискални импликации во своите буџети за оваа намена, да ги организираат обуките на своите вработени во Република Северна Македонија.

**Точка 4**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, во предложениот текст.

## Точка 5

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државниот пазарен инспекторат да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности по материјалот, како и ново мислење од Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи по однос на доставената сопственичка документација.

## Точка 6

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Штип, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Државниот пазарен инспекторат да обезбеди мислење од Агенцијата за катастар на недвижности по материјалот, како и ново мислење од Министерството за финансии - Управа за имотно - правни работи по однос на доставената сопственичка документација.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за уплатите од страна на Државен завод за индустриска сопственост кон Европскиот патентен завод со следниов заклучок:

- Државниот завод за индустриска сопственост потребните средства за исплата на годишните такси на Европската патентна организација да ги исплати од сопствениот буџет за оваа година, а во однос на средствата за наредната година потребно е предлагачот во рок од седум дена да одржи координативен состанок со Министерството за финансии на кој ќе се разгледаат законските можности за исплата на годишните такси на Европската патентна организација во согласност со Европската патентна конвенција.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија, со Национална платформа (четврто ревидирано издание) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Ја усвои Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија (четврто ревидирано издание).

2. Се задолжуваат Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Управата за хидрометеоролошки работи, Институтот за земјотресно инженерство и инженерска

сеизмологија и другите надлежни субјекти, да работат на имплементација на Националната платформа за намалување на ризици од катастрофи на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на ЕВН Македонија Акционерско друштво за снабдување со електрична енергија Скопје-изградба трафостаница ТС Вел Сити, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Општина Велес да постапи согласно укажувањата изнесени во Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 10**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Предлог-одлуката за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Тхор импекс ДООЕЛ Скопје (нов текст), поради потребата предлагачот да постапи согласно укажувањата изнесени во мислењето на Министерството за транспорт и врски и потоа да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 11**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Македонија за 2019 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за фитосанитарна политика во 2019 година.

**Точка 13**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-програмата за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за економија да подготви и достави соодветни измени на Програмата за финансиска поддршка за производство на електрична енергија од повластени производители кои користат премија за 2019 година, имајќи ги предвид укажувањата изнесени во Мислењето на Секретаријатот за законодавство во однос на двете Предлог-програми.

## Точка 14

Владата ја разгледа Информацијата за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со Инструментот за претпристапна помош (ИПА) за програмскиот период 2007-2013 од Европската Унија на Република Северна Македонија, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Решението за назначување на Надлежен координатор за акредитација во системот на децентрализирано управување со претпристапните фондови од Европската Унија за Република Северна Македонија, со заклучок во точка 1 од Решението наместо д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, за Надлежен координатор да се назначи Нина Ангеловска, министер за финансии.

## Точка 15

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за вршење стопански риболов на риболовни зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Шпиље“.

2. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење стопански риболов на риболовната зона „Акумулација Тиквешко Езеро“.

## Точка 16

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одобрување на тендерски документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 2 - Тетовски“.
2. Го одобри новиот најтекст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 5 - Неготински“.
3. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 6 - Демирхисарски“.
4. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демир Хисарски“.
5. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 4 - Мариовски“.

6. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Делчевски“.
7. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.
8. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“.
9. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 1“.
10. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовниот ревир „Струмица 2“.
11. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.
12. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Калиманци“.
13. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона “Акумулација Младост“.
14. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Конче 1 и Конче 3“.
15. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона “Акумулација Турија“.
16. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Ратево“.
17. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпиље“.
18. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Крушевска“.

## Точка 17

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потпишување на Протокол за соработка во областа на земјоделството помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан, со усогласен текст на Протоколот и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за соработка во областа на земјоделството помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан.

2. Се овластува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски да го потпише Протоколот за соработка во областа на земјоделството помеѓу

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство на Хашемитското Кралство Јордан.

**<u>Точка 18</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**<u>Точка 19</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Љуботен, Општина Бутел, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Д3-спорт и рекреација КО Љуботен, Општина Бутел, во предложениот текст.

**<u>Точка 20</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаични централи) КО Тркање, Општина Кочани, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на објекти со намена Е2-комунална супраструктура (фотоволтаични централи) КО Тркање, Општина Кочани, во предложениот текст.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Б5-хотелски комплекс КО Свети Николе, Општина Свети Николе, со Предлог-одлука поради потребата предлагачот да постапи по мислењето / укажувањето на Министерството на транспорт и врски.

Точката претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**<u>Точка 22</u>**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Борисово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Борисово, Општина Ново Село, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на урбанистички план за село Борисово за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура КО Борисово, Општина Ново Село, во предложениот текст.

**<u>Точка 23</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Таринци, Општина Карбинци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија, КО Таринци, Општина Карбинци, во предложениот текст.

**<u>Точка 24</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**<u>Точка 25</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на

согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производство со пропратни содржини) КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена В5 - верски институции - џамија КО Студеничани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена В5 - верски институции - џамија КО Студеничани, Општина Студеничани, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Е2 - Комунална супраструктура (фотоволтаична централа) КО Кавадарци вон град, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе

новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4 - времено сместување КО Мирковци, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Смојмирово вон гр. Општина Берово, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Смојмирово вон гр. Општина Берово, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена А1-домување во станбени куќи КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ги разгледа сите можности/услови за градба во тој регион и доколку утврди дека има некакви пречки да предложи соодветно решение.

**Точка 32**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А1 - станбени куќи КО Сопиште-вон г.р., Општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ги разгледа сите можности/услови за градба во тој регион и доколку утврди дека има некакви пречки да предложи соодветно решение.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено

сместување КО Добри Дол, Општина Сопиште, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, со заклучок Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање да ги разгледа сите можности/услови за градба во тој регион и доколку утврди дека има некакви пречки да предложи соодветно решение.

Точка 34

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со КПУ Затвор - Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со КПУ Затвор - Прилеп, во предложениот текст.

Точка 35

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуалниот земјоделец Драг Тон - Васо Лазов од с.Мустафино Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 36

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Кристал Вал - Валентина Спасова од с.Мустафино, Свети Николе со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 37

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба со Драган Гогов ул. „Бул. Македонија“ бр.36-3 Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

Точка 38

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец „НЕ-МАР“ - Зоранче Миленковиќ од с.Мустафино, Свети Николе, со текст на Договор и Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец „ШАЛИБ БОЈ“ - Зоран Стојанов од с.Мустафино Свети Николе, со текст на Договор и Предлог-одлука, го усвои и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Санде Михајлов од Свети Николе, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуален земјоделец Славица Костова од Свети Николе, со Предлог-одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со „ИЗ АНА ИВ“ - Стефче Андонов од с. Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ИЗ АНА ИВ - Стефче Андонов од с. Мустафино, Свети Николе, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Крстев од с.

Мустафино, Свети Николе, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на Договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Горан Крстев од с. Мустафино, Свети Николе, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце на концесионерот „Барт Енерџи" ДОО Скопје и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за транспорт и врски, да организираат состанок со претставници од Град Скопје на кој ќе се разгледаат проблемите при реализацијата на МХЕЦ Дворце и можноста за нивно надминување.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 60 дена да ја информира Владата за статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Градиште, МХЕЦ Дворце на концесионерот „Барт Енерџи" ДОО Скопје.

## Точка 45

Владата ја разгледа Информацијата за запознавање со проблемите и потребите на техничките факултети од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Предлог-мерки за надминување на истите и притоа формира работна група составена од: заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, министерот за финансии, министерот за образование и наука, министерот за информатичко општество и администрација, министерот за труд и социјална политика, министерот за економија и министерот за здравство, која врз основа на направени анализи на сите државни универзитети во Република Северна Македонија во однос на дефицитарни области и кадри во истите да подготви и до 1 октомври 2019 година до Владата да достави соодветна информација со конкретни предлози и Предлог-заклучоци.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на Република Северна Македонија во Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската Унија во периодот 1 јануари - 30 јуни 2019 година (нов текст) и ја усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги објави прегледите на декларации, изјави, одлуки на Советот на Европската Унија и други правни акти на Европската Унија од Брисел, Њујорк, Женева, Виена и Стразбур, кон кои Република Северна Македонија, на покана на Европската Унија или унилатерално, се има придружено (прилог 1 до прилог 4 од Информацијата), во „Службен весник на Република Северна Македонија" во делот „Декларации, заеднички позиции и демарши на Европската Унија" кон кои Република Северна Македонија на покана од Европската Унија се придружила/прифатила.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Информацијата за подигнување на статусот на Република Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот - ИХРА и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Во Информацијата за подигнување на статусот на Република Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на Холокаустот - ИХРА, во делот „Република Северна Македонија и ИХРА", во четвртиот пасус да се додаде следниот текст:

- Со одлука на Владата на Република Северна Македонија е отворен првиот Сектор за холокауст образование и истражување при ИДКНА-Скопје, кој беше отворен токму на денот на комеморацијата 11 Март 2019 година, каде што присуствуваше и свое обраќање имаше министерот за образование д-р Арбр Адеми и министерот за Ерусалим Зев Елкин.

- Издавање на поштенска марка од Агенцијата за пошти на Република Северна Македонија по повод 75-годишнината од депортацијата на македонските Евреи под покровителство на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и директорот на ИДКНА.

- Назначување на д-р Игор Јуруков за Специјален претставник на Министерството за образование и наука за прашањата поврзани со образованието за Холокаустот и комеморацијата на Евреите во Република Северна Македонија.

- Започнат официјален процес за испраќање на наставници во Меморијалниот центар во Ерусалим, Јад Вашем, под раководство на Министерството за образование и наука (потпишан Меморандум за соработка од страна на министерот д-р Арбр Адеми и директорот на Јад Вашем, Ерусалим).

- Филозофскиот факултет потпиша Меморандум за соработка со Универзитетот Бар Илан од Тел Авив и за соработка во рамките на Еразмус програмата (со акцент на Институтот за историја).

- Издадени се повеќе публикации и изложби за Холокаустот и Евреите од Република Северна Македонија, поддржани од Министерството за култура и Министерството за образование и наука („Патешествие", д-р Скендер Асани (во соработка со невладиниот

сектор изработена е и изложба, промовирана во Културниот центар на Македонија во Њујорк, УСА „Мојот живот под нацистичка окупација“, Мими Ергас Камхи - Фараџи, мемоари на преживеана од Македонија и др.)

- Институтот за културно и духовно наследство на Албанците - Скопје спроведе истражување во Државниот архив на Тирана, при што во Република Северна Македонија беа донесени над 750 документи поврзани со Евреите од Македонија спасени во Албанија.

- Придонесот на невладиниот сектор во развој на холокауст едукацијата:

- „Акта Нон Верба“, невладина организација, организираше натпревар за литературни текстови поврзани со холокаустот за средните училишта во Република Северна Македонија во соработка со Министерството за образование и наука и Министерството за култура.

- „Акта Нон Верба“ потпиша Меморандум за соработка со Јад Вашем, Ерусалим, потоа во соработка со Израелскиот Амбасадор Дан Оријан, беше поддржувач на проектите на „Маршот на живите“ во Битола, по повод комеморативните настани во 2017, 2018 и 2019 година.

- „Акта Нон Верба“ во соработка со Јад Вашем по повод 27-ми јануари 2019 година, светскиот ден за холокауст комеморација организирање отворање на изложбата „Дипломатите кои спасија Евреи“, при што на самиот настан беа присутни голем број на дипломати и беше прифатена акцијата од страна на Светскиот еврејски конгрес „Паметиме“.

- „Акта Нон Верба“ во соработка со израелскиот амбасадор Дан Оријан ја отворија изложбата „Сеќавања за Битола, 2019“ во склоп на Скопско лето, јуни 2019 година.

- Организирање на Израелскиот филмски фестивал со поддршка на Секторот за евроинтеграции на Владата на Република Северна Македонија, а во организација на Акта Нон Верба.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерството за образование и наука-Биро за развој на образованието, Институтот за духовно и културно наследство на Албанците-Сектор за едукација и истражување на Холокаустот и Фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија, да ја спроведе постапката за подготовка на апликацијата на ИХРА „Проекти за придружување - Основна студија“ и да го поднесе барањето за стекнување статус на придружена земја во ИХРА најдоцна до 15 октомври 2019 година.

## Точка 48

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за пристапувањето на Република Северна Македонија во Стратегијата за Јадранско - Јонскиот регион за наредната седница на Владата, поради потребата истата да се усогласи со Министерството за надворешни работи и Министерството за локална самоуправа.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за обезбедување на средства за уредување и одржување на гробишта и гробови на паднати

борци во антифашистичката војна и другите национално ослободителни војни на Македонија погребани на територијата на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на кандидатите кои се запишуваат на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“, Скопје, во студиската учебна 2019/2020 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/806 на Советот од 17 мај 2019 година за изменување на Одлуката 2013/255/ЗНБП за рестриктивни мерки против Сирија, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/870 на Советот од 27 мај 2019 година за изменување на Одлуката 2010/413/ЗНБП за рестриктивни мерки против Иран, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/797 на Советот од 17 мај 2019 година за рестриктивни мерки против сајбернапади кои ја загрозуваат Унијата или нејзините земји членки, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето на Ананиевски Ананија Ендру за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето на Асан Келенкоски за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето на Костадинка Божини за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 57**

Владата го разгледа Барањето на Мерсим Мерсими за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето на Елиф Ајдиноглу, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 59**

Владата го разгледа Барањето на Шеап Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 60**

Владата го разгледа Барањето на Султана Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 61**

Владата го разгледа Барањето на Адис Чауши, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и имајќи го предвид мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети, утврди негативно мислење по Барањето.

**Точка 62**

Владата го разгледа Барањето на Ваљдет Чауши за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република

Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 63

Владата го разгледа Барањето на Ремзи Корап за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 64

Владата го разгледа Барањето на Дафина Сутај за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 65

Владата го разгледа Барањето на Шкурте Маќани за прием во државјанство на Република Северна Македонија согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на Мислењето на Министерството за надворешни работи - Сектор за следење на националните приоритети утврди негативно мислење по Барањето.

## Точка 66

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Општа болница - Охрид, во предложениот текст.

## Точка 67

Владата ја разгледа Понудата од нотар Билјана Пецовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.2166 КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.8964 викано место/улица Ѓ.Петров и по истата го усвои Известувањето Министерството за транспорт и врски.

## Точка 68

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јасмина Радончиќ од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.28901 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.114 и Имотен лист бр. 28640 за КО Сингелиќ 2 на КП бр.113 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 69

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мексуд Максуд од Ресен за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 980 за КО Ресен на КП бр. 4894 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 70

Владата ја разгледа Понудата од нотар Анета Петровска Алексова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 10466 за КО Радишани на КП бр. 2813, ул. „Радишанска" и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 71

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 5028 КО Бутел на КП бр. 1125 и Имотен лист бр. 101873 за КО Бутел на КП бр. 1130 и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 72

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Татјана Адамоска Конеска од Прилеп за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 445 КО Подмол на КП бр. 276, викано место/улица Село, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за транспорт и врски да достави мислење по Понудата.

## Точка 73

Владата ја разгледа Понудата од нотар Мице Илијевски од Куманово за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.4025 за КО Куманово на КП 16260 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 74

Владата ја разгледа Понудата од нотар Хакија Чоловиќ од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.194896 за КО Драчево 2 на КП 2090/1 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство.

## Точка 75

**1.** Владата за претседател и членови на Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, ги именува:

а) за претседател:
- Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација

б) за членови:
- Мила Царовска, министер за труд и социјална политика
- Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања
- д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука
- д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и
- претставници од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор
  - Јане Чаловски и
  - Љупчо Петковски.

**2.** Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државни правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Скопје, Куманово, Охрид, Струмица, Гевгелија, Велес, Штип, Кавадарци, Битола, Прилеп, Кочани, Тетово, Гостивар, Струга и Кичево.

**3.** Владата на Горан Николовски му утврди престанок на функцијата директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

**4.** Владата го разреши Миљазим Мустафа од должноста член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Министерството за правда.

4.1.Владата ја именува Татјана Васиќ Бозаџиева за член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Министерството за правда.

**5.** Владата го разреши Миљазим Мустафа од должноста член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа.

5.1. Владата ја назначи Валентина Шаурек за член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа.

**6.** Владата ја разреши Милица Андонов од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

6.1. Владата ја именува Александра Спасевска за член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го разреши Арбен Зибери од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.

7.1. Владата го именува Беким Мурати за вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.

**8.** Владата го разреши Беким Мурати од должноста член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“.

8.1. Владата го именува Есат Шаќири за член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**9.** Владата го разреши Орхан Рамадани од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје.

9.1. Владата го именува Бајрам Махмути за член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје.

**10.** Владата го разреши Милан Запровски од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

10.1. Владата го именува Зоран Шапуриќ за вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

## Точка 76

**1.** Владата ја разгледа Информацијата за преземените чекори и активности за превенција од болеста „Африканска чума“ кај свињите, како материјал за информирање.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 26 август 2019 година до 1 септември 2019 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**3.** Владата го разгледа Обраќањето на Друштвото за услуги Креативе хуб ДООЕЛ Скопје, до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, заведено под бр. 08-2733/1 од 2.9.2019 година, за покровителство на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на првиот Балкански претприемачки самит и притоа заклучи:

- Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците на Друштвото за услуги КРЕАТИВЕ ХУБ ДООЕЛ Скопје во врска со организација на првиот Балкански претприемачки самит и тоа: трошоците за закуп, трошоците за кетеринг и трошоците за протоколарен материјал.

**4.** Владата ги задолжи носителите на извршни функции, во рок од 10 дена да потпишат писмена Изјава (Прилог 1) со која потврдуваат дека при извршувањето на нивните овластувања односно должности, ќе се придржуваат до Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, согласно членот 13 став 1 од Кодексот и истата да ја доставaт до архивите на надлежните институции и до Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Роберт Поповски.

**5.** Владата ги задолжи советниците кои ги именува претседателот на Владата на Република Северна Македонија, посебните советници во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и посебните советници и други советници ангажирани од страна на министрите, при потпишување на договорот за нивно ангажирање, а оние кои се веќе ангажирани во рок од 30 дена, да потпишат писмена Изјава (Прилог 1) со која потврдуваат дека ќе се придржуваат до Кодексот за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, согласно членот 14 од Кодексот и истата да ја доставaт до архивите на надлежните институции и до функционерот кој ги именувал, односно кај кого ги извршуваат задачите.

**Точка 77**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД Пошта на Северна Македонија во државна сопственост - Скопје во периодот јануари - март 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија во периодот април - јуни 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Одлуката за изменување на Финансискиот план за 2019 година на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбата со локомотивите со правно и техничко образложение зошто е испорачана само една од договорените 4 локомотиви, како и за моменталната состојба со патничките гарнитури со причини зошто не е направен технички прием за истите со посебен осврт за правните можности, со наведен надлежен арбитражен суд, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата ги задолжи органите на управување на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје да формираат интерна комисија која детално ќе

ја разгледа и ќе ја прикаже состојбата од технички и правен аспект, со хронологија на настаните и да ангажира правна помош од надворешно лице, со искуство во арбитражи, кое врз основа на целокупната документација ќе може да и даде насока на Владата за правните можности, со цел да се изготви Акциски план и Стратегија за понатамошно постапување.

Исто така, да се има предвид:

- Известувањето од Управата за сигурност во железничкиот систем дека постапувајќи по барањето на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД - Скопје има издадено Прва потврда за пуштање во употреба на железничко возило усогласена со техничките карактеристики на интероперабилноста.

- Мислењето на Министерството за финансии со укажување дека за сите активности и отворени прашања кои се дел од Проектот за набавка на влечни и влечени средства треба да биде известена и Европската банка за обнова и развој, како институција која со заем ја финансира имплементацијата на Проектот.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на активностите за јавна набавка на медицинска опрема, за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија, како материјал за информирање.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Комисијата за спроведување на реформи во пензискиот систем, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го разгледа Годишниот извештај за примена на Законот за бесплатна правна помош за 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци" и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да спроведе постапка за јавна набавка за избор на изведувач на реконструкција на пливачки базен во Општина Струга во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци".

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт за реализација на проектот за реконструкција на пливачки базен во Општина Струга во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци" да ги

обезбеди потребните средства во висина од 30.000.000,00 денари со следниот начин и динамика на плаќање:

- 5.000.000,000 денари за 2019 година;
- 10.000.000,00 денари за 2020 година;
- 15.000.000,00 денари за 2021 година;

3. Се препорачува на Општина Струга да обезбеди одобрение за реконструкција на пливачкиот базен во Општина Струга во дворот на ООУ „Браќа Миладиновци“.

## Точка 85

Владата го разгледа Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за партнерство, трговска размена и соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Велика Британија и Северна Ирска, со Нацрт-текст на Договор и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за партнерство, трговска размена и соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Велика Британија и Северна Ирска.

2. Го прифати Нацрт-текстот на Договорот за партнерство, трговска размена и соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Велика Британија и Северна Ирска, како основа за водење на преговори.

3. Се задолжува шефот и членовите на Делегацијата на Република Северна Македонија при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување Договор за партнерство, трговска размена и соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во координација со Министерството за надворешни работи, врз основа на член 35 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација, да побара одржување на консултации со Европската комисија во текот на 2019 година.

5. Се овластува шефот на делегацијата на Република Северна Македонија да го парафира текстот на Договорот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

6. Се задолжува Делегацијата на Република Северна Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена до Владата да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот, односно парафираниот текст на Договорот.

7. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските

ресори да организира средба со претставници на засегнати институции со цел анализа на ризикот од неучеството на Обединетото Кралство во ПЕМ Конвенцијата.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на простории за Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија во најкус можен рок да обезбеди простории за Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

2. Се задолжува Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците да ги покрие трошоците за преселување, техничка опрема и обезбедување на мебел за новите простории.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата со иницијатива за соединување - централизирање на дејноста Онкологија и Радиотерапија во рамките на ЈЗУ УК за радиотерапија и онкологија - Скопје со основање на подрачни одделенија во ГОБ „8-ми Септември" - Скопје, КБ Штип и КБ Битола, како и низ останатите градови во Републиката и ја усвои со заклучок:

- се задолжува Министерството за здравство, на четвртата наредна седница на Владата да достави акциски план за реализација на инцијативата со конкретни чекори, рокови, правни модалитети и слично, а потоа за прогресот да известува на секоја четврта седница до конечно реализирање на иницијативата.

**Точка 88**

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност, во предложениот текст.

**Точка 89**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на средства на Државниот студентски дом „Доне Божинов" - Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 90**

Владата го разгледа Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2019 година, го утврди и заклучи согласно член 179 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Нина Ангеловска, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Јулијана Петановска, државен секретар во Министерството за финансии и Елена Трпковска, државен советник во Министерството за финансии.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:10 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Зоран Заев** |